Уп. Бр. 08-83/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од НеоГамес С.А. (Neo Games S.A.)., со регистрирано седиште на ул. Мерл 2146 Луксембург, преку полномошник Адвокатско друштво Георгиевски од Скопје, на седницата одржана на ден 26.05.2022 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која НеоГамес С.А. (Neo Games S.A.)., со регистрирано седиште на ул. Мерл 2146 Луксембург, стекнува директна самостојна контрола над друштвото Аспајр Глобал Плц. (Aspire Global PLC.), со регистрирано седиште на ниво Г, канцеларија 1/5086, Квантум Хаус ул. Абате Ригор ТА' XBIEX Xbx1120 МАЛТА, по пат на купување акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 04.05.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна НеоГамес С.А. (Neo Games S.A.), со регистрирано седиште на ул. Мерл 2146 Луксембург, со која НеоГамес С.А.,Луксембург стекнува директна самостојна контрола над друштвото Аспајр Глобал Плц., со регистрирано седиште на ниво Г, канцеларија 1/5086, Квантум Хаус ул. Абате Ригор ТА' XBIEX Xbx1120 МАЛТА, по пат на купување акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

НеоГамес С.А. е јавно тргувано друштво. НеоГамес С.А. е глобален снабдувач на решенија за интернет игри на среќа („интернет игри на среќа") управуван од технологија, за национални и државно регулирани лотарии. Решението за целосна услуга на НеоГамес С.А. комбинира патентирани технолошки платформи и услуги со искуството и експертизата потребни за управување со успешни операции на интернет игри на среќа.

Студиото за игри на НеоГамес С.А. вклучува широко портфолио на онлајн лотариски игри кои привлекуваат внимание и обезбедуваат привлечно искуство за играчите и значителна вредност за клиентите на лотаријата.

Како доверлив партнер на лотарии ширум светот, НеоГамес С.А. работи со своите клиенти за да го максимизира нивниот успех, нудејќи сеопфатно решение кое им овозможува да испорачуваат пријатни и профитабилни програми за интернет игри на среќа на своите играчи, да генерираат повеќе приходи и да ги насочуваат приходите за добри цели.

НеоГамес С.А. не е активен во Северна Македонија.

Аспаір Глобал Плц. е водечки B2B-провајдер на еГејминг решенија, нудејќи им на компаниите сè што им е потребно за да имаат успешен iGaming бренд, покривајќи казино и спорт. Понудата B2B на Аспаір Глобал Плц. се состои од техничка платформа, патентирани казино игри, патентиран спортски обложувалници, агрегатор на игри и управувани услуги. Аспаір Глобал Плц. исто така, дистрибуира игри од трети страни и сопственички игри на надворешни партнери, преку преземање на агрегаторот и студиото за игри Pariplay во 2019 година и на Btobet, провајдер на спортски обложувалници, во 2020 година.

Аспаір Глобал Плц. е активен со Северна Македонија преку целосно поседуваното друштво Б-ТЕЦХНОЛОЏИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. 11-ти Октомври бр. 33А, Скопје („Бтобет"). Бтобет развива и снабдува деловен софтвер и нема комерцијална понуда на крајни корисници во Северна Македонија во текот на 2021 година

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**